# АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ

**<u>ИПА  Програма за прекугранична соработка</u>**

1. **„Културното наследство – мост кон заедничка иднина**", проектот предвидува формирање на Центар за културно и историско наследство во Крива Паланка, организирање на заедничка изложба и работилница  за обновување на занаетите. Проектот е работен со Општина Дупница како партнер.

2. **„Под едно небо"**, проектот опфаќа изградба на локален пат до испосницата на Св.Јоаким Осоговски  во с.Градец како и партнерно уредување на испосницата, истражување и промоција на сакралното наследство во пограничниот регион и имплементација на ГИС (географски информационен систем за сакралното наследство). Проектот е работен со Општина Дупница како партнер.

3. **„Туризам без граници**", проектот предвидува развој и имплементација на електронска платформа 8 - инфотерминали од кои 2 ќе бидат поставени во општина Крива Паланка. Системот ќе овозможи промоција на културни, историски и природни потенцијали во пограничниот регион.  Проектот е работен со Општина Ќустендил и Штип како партнери.

4. **,,Заштита на природните ресурси во прекуграничниот регион Ќустендил-Крива Паланка"**, проектот предвидува набавка и инсталирање на видео систем за рано откривање на пожари  и надзор како и активности во насока на информирање на граѓаните  за заштита на околината и превенција  од пожари. Проектот е работен со Министерство за земјоделие и храна и Извршна Агенција за шуми, Регионална дирекција за шуми од Ќустендил како партнери. .

5. **,,Осогово зона за одмор, туризам и спорт**", проектот е работен со  со Туристичко друштво „Осогово" од Ќустендил како партнер.

6. **„Воведување на комуникационен информациски систем во насока на Е-Влада",** проектот предвидува имплементација на гласовен-интерактивен систем кој ќе биде во функција на граѓаните 24 часа 7 дена во неделата. Проектот е работен со Општина Дупница како партнер.

**<u>Министерство за транспорт и врски</u>**

1. Изработка на Генерален урбанистички план на градот Крива Паланка и Детален урбанистички план на градот Крива Паланка (десен брег).

**<u>Министерство за животна средина и просторно планирање</u>**

1. Реконструкција на водовод - замена на азбесни цевки
2. Изработка на Основен проект за фекална канализација на с. Мождивњак
3. Чистење на диви депонии
4. Истражување и изработка на катастар на биодиверзитет
5. Селекција - управување со отпад
6. Ревизија на ЛЕАП (Локален еколошки акционен план)

**<u>Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој</u>**

1. **Изградба на пешачка и велосипедска патека**, проектот предвидува изградба на пешачка и велосипедска патека со должина од околу 500 метри на десниот брег на Крива Река во близина на ОУ Јоаким Крчовски.